од страна на сите надлежни институции. Инспекторатот, надзорот го врши преку инспектори за надзор над употребата на јазиците.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2022 ГОДИНА

Главните приоритети и цели на Инспекторатот за употреба на јазиците произлегуваат од законските надлежности. Во 2022 година, Инспекторатот за употреба на јазиците ќе се фокусира на отпочнување и вршење на инспекциски надзор над примената на Законот за употреба на јазиците преку спроведување на редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори; зајакнување, развој, стручно усовршување и одржување на човечките ресурси на Инспекторатот; обезбедување на медиумско/ јавно претставување и правилно разбирање на улогата на Инспекторатот за употреба на јазиците и неговото значење во системот на инспекциските служби и административно и оперативно отпочнување со работа на подрачната единица на Инспекторатот во Тетово.

| *Инпут индикатори* | *2018* | *2019* | *2020* | *2021* | *2022* |
|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупен Буџет (илјади денари)* | / | / | 4.725 | 14.650 | 16.080 |
| *Број на вработени* | / | / | 8 | 17 | 19 |
| *Просечна месечна бруто плата по вработен* | / | / | 16.229 | 35.539 | 47.105 |
| *Оперативни расходи по вработен (илјади денари)* | / | / | 527 | 685 | 780 |

| *Аутпут индикатори* | *2018* | *2019* | *2020* | *2021* | *2022* |
|---|---|---|---|---|---|
| *Вршење на редовен,вонреден и контролен инспекциски надзор* | 0 | 0 | 0 | 15 | 400 |

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Главните функции на Министерството за надворешни работи се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република Северна Македонија, остварувајќи ги Владините приоритети и приоритетите на министерството, во согласност со Законот за надворешни работи и Стратешкиот план на министерството за период 2022-2024 година. Своите функции и надлежности министерството за надворешни работи ги извршува во земјата и во 59 ДКП-а на Република Северна Македонија.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2022 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Министерството за надворешни работи во 2022 година се: добрососедските односи како основа за стабилно и долгорочно